# Годишен извештај

За 2018 година

2018

Фондација Агро-центар за едукација
Март2019

**Издавач:**

Фондација Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)

**Адреса на издавачот:**

ул. Цицо Поповиќ,

бр. 7-2/14, 1000 Скопје

Р. Македонија

**Телефон:** +389 2 3222 015

**Е-маил:** contact@ace.org.mk

**Веб страна:** http://ace.org.mk/

**Фејсбук:** https://www.facebook.com/facemkd/

Скопје, Март, 2019

Сите права се задржани.

**Вовед**

Почитуван читателу,

Изминатата 2018-та година е дванаесеттата година од постоењето на Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ), која се профилира на пазарот како една од најзначајните организации кои се занимаваат со развивање на неформалното образование во секторот земјоделство и рурален развој во Македонија, а и пошироко. Воедно, се профилира и како субјект кој самостојно успешно опстојува како резултат на одржливите политики на организацијата.

Во оваа година се направија неколку промени. Имено, ФАЦЕ во текот на 2018 година работеше на новата стратегија 2018-2021 година, со поддршка на Проектот на УСАИД за Граѓанско учество во Македонија преку грант за стратешка поддршка (ГСП). Стратегијата беше изготвена во септември и потоа усвоена од Одборот на старатели на ФАЦЕ во декември 2018 година. Со стратегијата се промени визијата и мисијата на ФАЦЕ, како и некои од приоритетите на делување, иако во основа се задржа основната цел за која е формирана Фондацијата, а тоа е развојот на неформалното образование.

Исто како и во претходните години, ФАЦЕ сѐ повеќе се фокусираше на Еразмус+ Програмата на ЕУ. Се работи за програма на Европската Унија која е исклучително значајна компонента на севкупната национална статегија за интеграција на македонскиот образовен простор, а со тоа и на работењето на ФАЦЕ, како досега, така и во наредниот период. Во 2018 година ФАЦЕ имплементираше 6 проекти поддржани од Еразмус+ програмата. На еден или друг начин, секој од нив влијае на развивањето на неформалнотообразование во областите на интерес на Фондацијата. И тие проекти влегоа во портфолиото на ФАЦЕ, кое сега брои вкупно 39 реализирани проекти од основањето до декември 2018 година.

Значајно е да се издвои дека во овој период ФАЦЕ беше поддржана и од Вишеградскиот Фонд. Фондацијата доби поддршка за имплементација на 3 проекти од овој Фонд. Меѓународниот Вишеградски Фонд е институција на Вишеградската група која ја сочинуваат Полска, Чешка, Словачка и Унгарија, преку која се финансираат меки проектиза регионална соработка во областа на образованието, културата, младите, развојот на граѓанското општество и друго.

Посебен акцент оваа година е даден на соработката со Проектот на УСАИД за Граѓанско учество во Македонија, со кој во март 2018 година се потпиша грант за поддршка на проектот “АгрИнклузија“ за периодот од 2018-2021 година. Но, посебно значајно е тоа дека во рамките на овој договор, покрај поддршката за имплементација на проектот,ФАЦЕ доби, и ќе добива институционална поддршка преку обуки, менторство и други облици на зајакнување на капацитетите на Фондацијата.

На крај, би сакал да ја нагласам успешната соработка со ред институции и организации од Македонија со кои успешно соработувавме во изминатата година. Пред сè, тука се Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) од Скопје, Центарот за образование на возрасни (ЦОВ), Средните земјоделски училишта од Македонија, Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството од Битола, како и Министерствата за земјоделство, за образование и наука, за труд и социјана политика, Асоцијацијата за балкански туризам АБАТ Балканија, како и останати институции и организации од бизнис секторот од Македонија.

Посебно би ја истакнал соработката со една поголема мрежа на институции и организации од Европа која ја создадовме во изминативе години, со кои бевме во партнерство при имплементацијата на проектите од гореспоменатите програми. Партнерите ги претставуваа следниве земји: Турција, Грција, Италија, Австрија, Унгарија, Велика Британија, Холандија, Шпанија, Португалија, Исланд, Шведска, Романија, Молдавија, Албанија, Србија, Чешка и Словачка.

На крај, голема благодарност до персоналот на Фондацијата и Одборот на старатели за несебичната посветеност и поддршка и во 2018 година.

М-р Љупчо Тошев

Извршен директор

ФАЦЕ

## 1. За Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)

### *1.1 Визија, мисија и клучни вредности*

**Визијата** на ФАЦЕ: Создавање општество во кое образованието е движечка сила за позитивни промени за сите, особено оние што се вклучени во земјоделството и руралниот развој.

**Мисија:** Како непрофитна организација, ФАЦЕ го зајакнува влијанието на неформалното образование и доживотното учење во Македонија и регионот, во насока на одржлив земјоделски и рурален развој – како и подобрена вработливост. ФАЦЕ го постигнува ова преку развој и имплементација на модерни програми, курикулуми и модели за учење базирани на практична работа.

**Клучните вредности** на организацијата:

- ***Инзвонредност*** – Наш предизвик се највисоките нивоа на учење и изведба за создавање на влијание. Нашата сила се професионалноста, динамиката и флексибилноста како низ процесите, така и при донесувањето одлуки.
- ***Интегритет*** – Ние сме целосно одговорни и транспарентни, пред нас самите, нашите донатори, партнери и оние на кои им даваме услуги.
- ***Разновидност*** – Преку прифаќање на различностите и активно вклучување на разни групи, ние со заеднички напори ги решаваме проблемите.
- ***Еднаквост*** – Ние веруваме во еднакви вредности, почит и искреност кон секоја личност. Ние промовираме родова еднаквост и се бориме за достоинството и човековите права за сите.
- ***Иновативност*** – Секојдневно, преку нови идеи и решенија, ги користиме сите можности кои произлегуваат од промените во околината, предвидувајќи ги потребите на целните групи.

### *1.2 Организациска структура*

ФАЦЕ е изградена врз основа на рамна структура со управувачко тело - Одбор на старатели и Извршна канцеларија.

Одборот на старатели (во понатамошниот текст Одбор) е управувачкото тело на ФАЦЕ. Членовите на Одборот имаат право и должност да учествуваат во работата на самиотодбор и да даваат иницијативи за изработка на нацрт акти, и да употребуваат други овластувања, со согласност со Правилата и заклучоците на Одборот. Одборот се состои од најмалку 5, но не повеќе од 9 старатели, вклучувајќи ги: Претседател и 3 до 7 члена.

Членови на Одборот на старатели:

Проф. Др. Гордана Попсимонова - Претседател

Проф. Др. Соња Ивановска - член

Владо Србиновски - член

Николчо Стоилковски - член

Менаџмент:

Извршната канцеларија се состои од извршен директор и друг потребен персонал. Извршниот директор е избран член од персоналот што се води по принципите на ефективност, компетентност, интегритет и позитивност. Извршната канцеларија ги извршува менаџерските, административните и професионалните задачи, и ги администрира политиките и програмите коишто се одобрени од Одборот.

Извршниот директор се назначува од страна на Одборот. Извршниот директор е главниот административен чинител. Извршниот директор ги набљудува и анализира сите ситуации и/или проблеми што се јавуваат во тековните активности, обезбедува предвидувања за идни состојби, проблеми и можности; комуницира и соработува со други организации. Извршниот директор се грижи за стратешкото планирање и подготвува годишни и периодични планови, програми, и финансиски планови. Извршниот директор ја претставува ФАЦЕ во правниот промет со трети страни и е одговорен за законитоста на работењето на ФАЦЕ во согласност со Статутот и другите акти.

Членови на Извршната канцеларија:

М-р Љупчо Тошев - Извршен директор

Наташа Огненоска - Раководител за финансии и администрација

Мартин Мицевски - Координатор на проекти

Стојан Ежов - Соработник на проекти

Александра Николова - Соработник на проекти

Експерти - ФАЦЕ има база од повеќе од 30 експерти/обучувачи кои се ангажираат повремено од најразлични области (земјоделство, претприемништво, работа со маргинализирани лица, инвалидни лица, туризам, екологија, за родови односи, заштита при работа, финансии, обука на возрасни, ИКТ, локален и регионален развој и други области).

### *1.3 Стратешки приоритети*

ФАЦЕ дефинира 3 стратешки приоритети за периодот од 2018-2021:

**Стратешки приоритет # 1**: Подобрување на неформалното образование и доживотното учење

**Стратешки приоритет #2**: Поттикнување на улогата на бизнис секторот во процесот на образование

**Стратешки приоритет #3**: Создавање на услуги, со цел да се зајакне одржливоста на организацијата.

Главниот пристап на ФАЦЕ беше, а и во иднина со мали измени ќе продолжи да биде, следниов:

1. Да обезбеди еднаков пристап до знаење за земјоделците, вработените восродните индустрии, владата и локалната администрација, претприемачите, советодавните служби во земјоделството, експертите од приватни и невладини организации, учениците од стручните училишта, студентите, вработените во ФАЦЕ и особено, но не исклучиво, на припадниците на руралните средини и заедници;
2. Да ги поврзе образованието и истражувањето, со акцент на промоција на иновативни и применливи механизми и практики;
3. Да даде поддршка за градење на локални капацитети, преку едукација и обука;
4. Да поттикне поголем број на корисници на образовни услуги;
5. Да развива и имплементира едукативни програми (курикулуми) и програми за прилагодување на земјоделството, туризмот, производството на храна, заштитата на животната средина, руралниот развој и другите сектори релевантни за работата на ФАЦЕ;
6. Активно да работи на приспособување на неформалните образовни програми кон потребите на правилата за пазарна економија, потребите на пазарот на трудот и јавните услуги;
7. Да мобилизира и добие средства, од внатрешни фондови или од надворешни извори, за образовни проекти и услуги;
8. Да создаде мрежа на соработка со локални, регионални и меѓународни организации, како и поддршка на сите меѓуинституционални соработки и координација.

## 2. Имплементација на Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ:

### *2.1 Проект Со-ВЕТ – "Социјално претприемништво како алтернатива за млади невработени лица"*

Проектот Со-ВЕТ заврши во септември 2018 година. Главната цел на проектот е надополнување и подобрување на стручното образование и обука со обезбедување ефективни и ефикасни курсеви од областа на социјално претприемништво, зголемување на учеството и активирање на младите во оваа област, со што би се намалила инертноста која постои кај младите невработени лица, а со тоа би се намалил и степенот на невработеност. Проектот цели кон неколку главни резултати и активности, фокусирани на клучни акции кои се неопходни за да се овозможи квалитативно и ефикасно исполнување на целите на проектот. Главни резултати и активности кои се имплементирани се следниве:

- Анализа на потребите: Направена е анализа на потребите за да се утврди фактичката состојба на социјалното претприемништво во стручното образование и обука, како и да се утврдат потребите на лицата кои се надвор од работа, образованието и обуката (т.н. лица од NEET);
- Изготвен курикулум за лицата кои се надвор од работа, образование и обука (т.н. NEET) со кој ќе се идентификуваат и подобрат нивните претприемнички вештини преку стручното образование и обука;
- Водич за интеграција на курикулумот во постоечките национални програми за стручно образование и обука: Овој водич вклучува преглед на целокупните проектни активности, резултатите од искуствата при тестирањето, како и сет од препораки за успешно спроведување на програмата во реална средина;
- Платформа за е-учење – со која ќе се овозможи пристап до он-лајн курсеви за обучувачите од стручното образование и обука.
- За повеќе информации прочитајте на: https://sovet-project.eu/mk/

Времетраење на проектот: Септември 2016 – Август 2018

### *2.2 Проект Агритич 4.0 - Поврзување на наставниците за стручно образование и обука во земјоделството 4.0*

Овој проект започна да се имплементира во 2017 година, а клучните активности се одвиваа во 2018 година. Целта на проектот е водењето на наставниците за стручно образование и обука во земјоделството во процесот на обнова на нивните наставни методи со овозможување на бесплатен онлајн курс „Наставници за земјоделство 4.0“ кој е базиран на мрежен педагошки метод на учење. Околината за учење и наставните методи

кои ќе се применуваат во овој проект се во согласност со педагошките иновации од рамката ЕТ 2020, која се фокусира на развој на вештините и креативноста во 21 век, како и дигитално претприемништво на студентите. Подобрување на знаењето на наставниците заонлајн и колаборативно учење; иновативни методи на учење со цел да се задоволат барањата за вештините во XXI век; ИКТ во образованието; познавање на Земјоделството 4.0.

Практичната примена на новото знаење и вештини на наставниците стекнати за време на проектот може да влијаат врз учениците во земјоделското образование. Оваа возрасна група е привлечена од страна на образование базирано на ИКТ и употреба на модерни алатки. Доколку се запознаат со можностите и придобивките од користењето на ИКТ алатките во земјоделството, оваа група на млади луѓе ќе бидат повеќе мотивирани да ја проучуваат оваа област и да изберат кариера во земјоделството.

За повеќе информации: http://www.agriteach.hu/en

Времетраење: Септември 2017 – Август 2019

## *2.3 Проект ЕКВЕТ.ЕНС 2.0 - Европски Природен Систем 2.0*

Главната цел на проектот е да овозможи обука за сертификација на професионални чинители во секторот на руралниот туризам на ниво на Европската Унија, со посебен осврт на „Туристички водич во природа“ и „Туристички менаџер за сместување во земјоделскиот туризам“.

Туризмот преставува една од најважните економски гранки во Европа, со особено важна окупациска релевантност. Секоја година, туризмот во природа зазема се поголема важност во рамките на секторот.

Проектот „Европски Природен Систем ЕНС: ЕКВЕТ процес за транспарентно препознавање на резултатите од учење и квалификациите на професионални чинители во природниот туризам низ Европа“, кој заврши во 2013 година, дозволи формализација и пилот-тестирање на зајакнувањето во националните и регионалните системи за квалификација на земјите учеснички.

Од тука произлезе и Меморандумот за Разбирање на ниво на Европска Унија, од страна на тимот за создавање алатки на ЕКВЕТ за квалификации во природниот туризам, воспоставување на Европската кореспонденција за оценка, трансфер и акумулациски процеси на резултати од учење – постигнати во формален, неформален и информален контекст, за квалификациите за „Туристички водич во природа“ и „Туристички менаџер за сместување во земјоделскиот туризам“.

За поддршка на конкретниот развој на ЕКВЕТ процесот активиран од ЕНС, давајќи им на досега вклучените, како и други изучувачи во стручното образование нови секторски стандарди за компетенција, произлезени од потребите на пазарот, постои вистинска можност за признавање на резултатите од учење формализирани во Меморандумот за разбирање. Исто така и во курикулумите за стручно образование и курсеви што се карактеризираат со иновативни пристапи. Тие се базирани на учење со алатки за работа, виртуелна и реална мобилност, отворени образовни ресурси и целосно искористување на

потенцијалот на Инфомациско-Комукациските Технологии. За тоа се предвидени следниве активности:

Обнова на анализата на ЕНС во однос на постоечките бројки и профили во системите за стручно образование во земјите учеснички, нивна класификација според „EQF“ и обнована заедничкиот Европски ЕНС професионален периметар опфатен со проектот.

Обнова на анализата на ЕНС во однос на искуства и добри практики во однос на транспарентност/признавање на резултатите од учење/квалификации и процесот ЕКВЕТ.

Обнова на дизајнот на ЕНС за заеднички стандарди за компетенција и вклучување на нови стандарди, произлезени од потребите на пазарот.

Дефинирање и потпишување на ревидиран Меморандум за разбирање, според обновените заеднички стандарди за компетенција.

Дизајнирање на заеднички Европски курикулуми во стручното образование (стандарди за обука), што ќе кореспондираат на обновените заеднички стандарди за компетенција.

Дизајнирање и организирање на курсеви во стручното образование, што ќе ги даваат квалификациите содржани во обновениот Меморандум за разбирање (методи и алатки за изучување, работно и виртуелно изучување, изучување на реални случаи, мобилност во изучувањето).

Обнова на заедничките модели во ЕНС во однос на Договорите за Учење во ЕКВЕТ, како и за доделување на кредити во ЕКВЕТ со помош на Европас Сертификат, што ќе бидат вклучени во самите курсеви.

Поддршка на ревидираните стандарди во ЕКВЕТ ЕНС Меморандум за разбирање, како и новите стандарди за обука (Курикулум за стручно образование и обука) во постоечките рамки за верификување на квалификации.

Прочитајте повеќе на http://www.ecvet-ens2.eu/

Времетраење: Декември 2016 –Мај 2019

## *2.4 Проект - ЕУ те вклучува тебе (EU includes U)*

Главната цел на проектот е на пристапот до квалитетно образование за ученици од различно културно потекло, како и нивна зголемена вклученост во општествените процеси. Транснационалната природа на проектот, преку соработка со партнерските училишта, се стреми кон намалување на степенот на разлика во учењето помеѓу студентите, преку воспоставување на стратегии и полиси што промовираат ефективна интеграција и вклучување.

Ова имплицира попристапно изучување преку диференцијација и создавање индивидуални курикулуми што ќе го имаат предвид контекстот и културата, негување на врските со семејствата и постојано преиспитување со цел за постигнување на еднаков бенефит на сите.

Цели на проектот:

Подобрување на инклузивниот профил на партнерските организации, стекнување искуство во интернационална соработка и зајакнување на способноста да се произведуваат резултати од висок квалитет.

Постигнување на стратешка соработка помеѓу операторите во формалното и неформалното/информалното образование, со цел развивање на експериментална социјална иновација и инклузија.

Имплементација на нови начини на нови начини на изучување за учениците во рамките на проектот, благодарение на виртуелната мобилност, ОЕР и подобра употреба на информатички алатки.

Развивање на нови алатки и методи за професионален развој на наставниците и други образовни работници/социјални техничари, за подобро иницијално и континуирано образование.

Прочитајте повеќе на https://www.europeincludesyou.com/

Времетраење: Септември 2017 – Август 2020

## *2.5 Проект ВИНЕВЕТ - Европска соработка за развивање на заедничка квалификација за стручно образование и обука „Специјалист за производство на вино“*

Целта на проектот е креирање на заеднички квалификациски профил „Винар-специјалист“, преку соработка помеѓу засегнатите страни од Македонија и Умбрија (Италија). Компаниите и организациите од винскиот сектор, квалификационите тела и субјектите кои нудат стручно образование и обука имаат иста потреба и иста цел – зголемена вработеносткај младите, развој на вешта, квалификувана и мобилна работна сила која им е потребнана компаниите од винскиот сектор, поддршка на развој на заедничко Европско стручно образование и обука, и поквалитетно, а со тоа и поатрактивно стручно образование.

И покрај големата важност на винскиот сектор за Европската Унија, во многу европски земји и региони има недостаток од, или недоволно квалитетно стручно образование и наставници кои би профилирале кадри и вештини кои се потребни на пазарот, особено на високо ниво. Во Македонската национална квалификациона рамка досега се утврдени три стандарди во стручното образование и обука во винскиот сектор. Стандардите за стручно образование и обука во Умбрија (Италијанскиот устав овозможува регионална надлежност над стручното образование и обука) не вклучува квалификации за винскиот сектор, додека за помошник земјоделски работник кратко е објаснето дека се работи за профил од ниско ниво. Во двете држави, производството на вино е едно од клучните економски и трудо-интензивни активности, но никаде не покажуваат висока стапка навработеност, особено кај младите.

Базирано на претходни ЕКВЕТ искуства, ќе се изработи следново:

Анализа која е фокусирана на професионалното поле на инволвираност во НКР и какви практики можат да се трансферираат во однос на транспарентноста во стручното образование и обука (ВЕТ).

Детален профил на квалификации кои треба да ги поседува, со преглед на очекуваните образовни квалитети, вештини и способности.

Воспоставување заеднички квалификациски профил, преку меморандум за соработка што ќе гарантира транспарентност, споредба, квалитет и взаемно признавање.

Ќе се изработи заеднички курикулум, со јасна стратегија за обука.

Ќе се дефинира заеднички водич кој ќе ги содржи специфичните барања кои учесникот треба да ги здобие во текот на образованието со цел да биде успешен.

Поддршка за ефективна интеграција на заеднички стандарди за националната (МК) и регионалната (ИТ) квалификациона рамка.

Бидејќи винскиот сектор има потреба од вештини од повисоко ниво, импактот ќе биде и на вработливоста на учениците со стручно образование и на компетитивноста на компаниите, како и на развојот на заедничко Европско стручно образование и обука, целокупниот квалитет и атрактивноста на стручното образование.

Времетраење: Септември 2018 – Август 2020

Прочитајте повеќе на https://winevet.eu/

## 3. Имплементација на проекти поддржани од Вишеградскиот фонд

### *3.1 Проект: ЗБОГАТУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНА, ИСТОЧНА И ЗАПАДНА ЕВРОПА СО ТРАНСНАЦИОНАЛНИ ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ГРУПИ*

Овој проект има за цел да го промени традиционалниот начин на функционирање на ЛАГ во земјите од В4 (Вишеградска четворка - Словачка, Чешка, Унгарија и Полска), како и да создаде соодветен пристап за појавување на ЛАГ во Молдавија и Македонија, во рамките на ENPARD и ИПАРД. Проектот ќе се обиде да го укине замрзнувањето на клучните органи на групите, имено, одборот и советот на постојните ЛАГ во В4.

Европската унија останува посветена на развојот и модернизацијата на земјоделството и руралните области од земјите во Источна Европа и земјите од Западниот Балкан. Со компонентата за рурален развој на Инструментот за претпристапна помош, Македонија се потпомага преку посебен инструмент наречен ИПАРД. Од друга страна, сличен инструмент, ENPARD, има за цел да го поддржи руралниот развој и земјоделството во Молдавија. Сепак, многу заеднички предизвици остануваат нерешени, како што се докажани механизми кои се однесуваат на руралниот развој на интегриран и партиципативен начин. Локалните акциони групи, кои се конституирани на ниво на ЕУ за да се справат со некои од споменатите предизвици (некои од нив постојат во Македонија, но нема ниту една ЛАГ во Молдавија), се соочуваат со проблемите на ЛАГ од аспект на мрежната компонента на општествениот капитал, довербата и финансиска одржливост.

Предложеното решение во рамките на овој проект е да промовира докажани алатки кои им помагаат на ЛАГ во транснационална соработка. Покрај тоа, проектот ќе придонесе за градење на капацитетите на локалните актери од EAP-WB за развој на ЛАГ преку споделување на искуства од земјите од В4 и градење на платформа за соработка меѓу нив. Исто така, ќе промовира дигитализација и социјално вмрежување за поефикасно учество на заедницата од локалните и регионалните развојни активности од основата нагоре.

Активноста на ЛАГ во Европа е ограничена на имплементација на традиционалниот пристап од ЛИДЕР од дното-нагоре, како задолжителна компонента за финансиска поддршка. Релевантноста на проектот е да го промени традиционалниот пристап преку промоција на транснационалната соработка помеѓу ЛАГ низ цела Европа и да се направи смисла на мрежната компонента на општествениот капитал во регионот. Од Западна и Источна перспектива, проектот е важен поради недостаток на вистинско искуство во имплементација на "мерката за соработка" во рамките на ENPARD и ИПАРД програмите. Во случајот за В4 земји, овој проект е важен поради ограничениот капацитет во иновативниот / експерименталниот карактер на LEADER, како и ограничените практики на ЛАГ во транснационалната соработка.

Времетраење: Јануари 2018 – Декември 2018

### *3.2 Проект: ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО ОБЛАСТА НА ИКТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ВРЗ БАЗА НА ДОБРИ ПРАКСИ ОД ВИШЕГРАД 4 – „AEWB-ICT"*

Главната цел на проектот е воспоставување на платформа за соработка помеѓу клучните засегнати странки во земјоделско-прехрамбениот сектор во земјите од Вишеград 4 и Западен Балкан - со цел за градење на темелите за усвојување на информатичко-комуникациските технологии во поддршката на земјоделството во Западен Балкан, базирана врз добрите пракси од земјите на Вишеград 4.

Искористувањето на регионалното искуство во областа на информатичко-комуникациските технологии во поддршка на земјоделството, дозволува побрза синхронизација на земјоделско-прехрамбената индустрија помеѓу партнерските земји - што резултира со поголем економски развој во регионот.

Поддршката во земјоделството е еден од клучните елементи за развојот на земјоделските сектори на земјите-учеснички. Информатичко-Комуникациските Технологии (ИКТ) играат важна улога во подигнување на нивото на подготвеност на националната поддршка во земјоделството да се справи со модерните предизвици во земјоделството.

Земјите од Западен Балкан, имаат ограничена имплементација на ИКТ во обезбедување на услуги за поддршка во земјоделството. Постоечкото искуствно на земјите од Вишеград 4 во употребата на ИКТ за поддршка во земјоделството е важно средство за забрзување на процесот на усвојување на овие технологии во поддршката на земјоделството во земјитена Западен Балкан. Ова претставува суштествен елемент за соработка помеѓу земјите од Вишеград 4 и Западен Балкан. Соработката може да придонесе за синхронизација на земјоделските сектори на земјите и развој на веќе постоечката соработка во прехрамбено-земјоделскиот сектор.

Соработката помеѓу овие две групи земји во областа на ИКТ во поддршка на земјоделството е од огромно значење, знаејќи ја предноста на земјите од Вишеград 4 во рамките на проблематиката. Оваа предност преставува вредно средство за земјите од Западен Балкан за побрз и поефективен напредок во имплементацијата на ИКТ во поддршката на земјоделството.

Понатаму, синхронизацијата на нивото на развој во овие две групи земји, на долг рок, ќе има значајно влијание на нивото на хармонизација на земјоделските сектори и економската соработка на двете групи на земји. Локалниот и националниот пристап не овозможуваат правилна хармонизација на моделот за поддршка во земјоделството, што е важен предуслов за раст на економската соработка во областа на земјоделско- прехрамбените индустрии на двете групи на земји.

За повеќе информации прочитајте на http://aewb-ict.net/

Времетраење: Февруари 2017 – Февруари 2018

### *3.3 Проект: В4-ЗБ6 ИНКУБАТОР ЗА ДИГИТАЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО (ИДЗ)*

Основна цел на Инкубаторот за дигитално земјоделство е да создаде место за вмрежување на професионалци, регионални и национални членови на проектни тимови, вклучувајќи ги и студентите кои имаат идеи, start-ups и хонорарци, за да ги применат научните резултати во пракса. Со овој проект треба да се создаде регионален инкубаторкој ќе ги поддржува start-up бизнисите од сите области во земјоделскиот сектор, чиишто технологии водат кон лесно достапна и ефикасна иднина во земјоделството, којашто е насочена кон зачувување на благосостојбата на животната средина.

Соработката помеѓу Вишеградските земји и земјите од Западниот Балкан е од голема важност, со оглед на различните степени на развој на дигиталното земјоделство на регионално ниво. Земјите од В4 се многу добро развиени во оваа област, додека земјите од Западниот Балкан ЗБ6 се уште ги преземаат првите чекори. Во овој контекст, проектот има важна улога, бидејќи претставува простор за хоризонтални соработки кои што владитена В4 и ЗБ6 земјите ги препознаваат и вреднуваат. Студентите и институциите го применуваат компаративното изучување, така што колку овој простор е поширок, толку е поголема можноста за учење. За целосно искористување на овој простор за соработка помеѓу земјите на В4 и ЗБ6, треба да изградиме нови институционални механизми и работни инструменти. Развојот на инкубаторот создава можност за нови форми на работаи интеракција помеѓу студенти, академии, институции и влади.

ИДЗ ќе им помогне и на земјоделските, и на ИТ студентите да станат поконкуренти преку изучување примена на дигиталните технологии. ИДЗ овозможува на секој студент кој има “start-up” бизнис идеја, да има пристап до најновите знаења, експертизи и технологии за тестирање и експериментирање со дигитални иновации за земјоделски цели. Исто така, ИДЗ ќе им овозможи контакт со инвеститори, пристап до фондови, и помош да се поврзат земјоделци и трговци со дигитални технологии во целиот вредносен ланец, во регионите на В4 и ЗБ6.

Накратко, целите се:

Да се поттикне иновацијата преку создавање, развој на дигитално земјоделство, коишто ќе им бидат од корист на земјоделските заедници од В4 и ЗБ6 регионот;

Да ја олесни комерцијализацијата на дигиталната земјоделска технологија со промовирање и подджрување на „start-up” земјоделски бизниси, што се водени од млади во В4 и ЗБ6 регионот.

Да ги промовира успешните земоделски „start-up” бизниси со цел земјоделците/ потрошувачите да имаат корист од новите иновативни маркети, продукти и услуги.

Прочитајте повеќе на https://www.incubator4digitalfarming.org/

Времетраење: Мај 2018 – Мај 2019

## 4. Имплементација на проекти поддржани од УСАИД

### *4.1 Проект: АгрИнклузија*

Цел на проектот:

Главната цел на проектот е да се зајакне вработливоста на инвалидните лица во земјоделски компании и да се промовира социјалната инклузија во компаниите кои се заинтересирани за подобрување на нивното економско работење, преку едукативни програми специјално наменети за инвалидните лица и компаниите во трите целни региони (Вардарски, Пелагониски и Полошки), поддржан од проектот на УСАИД за граѓанско учество.

Посебни цели:

- да се зајакнат капацитетите на инвалидните лица за нивно вработување или самовработување во трите целни региони.

- да се зајакнат капацитетите на земјоделските компании за нивно успешно вклопување во процесот на обука на инвалидните лица, преку т.н пристап на работно менторство.

- да се покренат иницијативи за измени и дополнувања на одредени законски, подзаконски и други акти со цел успешна интеграција на инвалидните лица, преку соработка со релевантните институции.

Активности:

- Креирање на посебно советодавно тело на проектот составено од членови на вклучените страни (ЗАПОВИМ, МТСП, Агенција за вработување, Центрите за социјална работа, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни и други чинители) кое би се состанувало периодично за да ги следи активностите на проектот и дава насоки за успешно имплементирање.

- Истражување на потребите од обука за целните групи во проектот од различни аспекти на јакнење на капацитетите на тие лица и компании (Технологии на земјоделско производство од сите сектори, претприемачки вештини, ИКТ во земјоделството, социјална инклузија, социјално претприемништво, работно менторство и сл.).

- Подоготовка на програми за кратки курсеви врз основа на потребите кои ќе се индентификуваат со истражувањето.

- Тестирање/пилотирање на сите програми за обука, преку имплементација на самите обуки со фокус на практична работа на инвалидните лица во земјоделска компанија.

- Валидизирање на обуките – преку вклучување на компаниите во евалуација на обуките, како и преку учество на надлежни институции (Центрите за стручно образование и обука и за обука на возрасни, МТСП, Агенцијата за вработување и други).

- Организирање на тркалезна маса за презентација на постигнатите резултати и координација во насока на создавање на програмите за кратки курсеви.

- Организирање на информативни сесии за запознавање на невработените инвалидни лица и компаниите, и поттикнување на нивно учество во проектот.

- Организирање на завршна конференција на којашто ќе се презентираат постигнатите резултати.

- Промоција на активностите и лобирање за проектот преку настани (конференции, тркалезни маси), печатени и електронски медиуми, веб страница на проектот, социјалните мрежи, кратки видео записи за успешни приказни и слично. Лобирањето би се одвивало и преку настани и учество на погоре споменатото советодавно тело.

Времетраење: Март 2018 – Февруари 2021

Повеќе инфо на http://ace.org.mk/portfolio/agrinkluzija/

**5. Јакнење на капацитетите на ФАЦЕ и давање услуги:**

Во делот на активностите за *јакнење на капацитетите*, во 2018 година спроведени се голем број на активности, претежно поддржани од Проектот за граѓанско учество (ЦЕП) на УСАИД:

1. Обука - Април 2018 - Добро владеење и вклучување на родовите аспекти во главните политики во сојузите на граѓанските организации и на ГО - Учесници: Љупчо Тошев и Гордана Попсимонова.
2. Обука - Април 2018 - Работилница за стратешко планирање - Учесници: Љупчо Тошев, Наташа Огненоска, Владо Србиновски, Гоце Георгиевски.
3. Обука - Мај 2018 - Стратешко планирање и подготовка на стратешки план - Учесници: Љупчо Тошев и Наташа Огненоска.
4. Обука - Мај 2018 - Прибирање финансиски средства и домашни акции - Учесници: Љупчо Тошев и Мартин Мицевски.
5. Обука - Мај 2018 - Финансиски менаџмент за граѓански организации и здруженија на граѓански организации. Учесници: Наташа Огненоска.
6. Промотивен настан на грантисти на УСАИД - Јуни 2018 - Учесници: Љупчо Тошев и Стојан Ежов.
7. Обука - Јуни 2018 - Работилница за градење на капацитети - Учесници:Љупчо Тошев и Наташа Огненоска.

8. Обука - Јуни 2018 - Работилница за креирање видео и концепти на видео планирање, продукција, постпродукција и дисеминација преку теоретско и практично учење. Учесници: Стојан Ежов и Александра Николова.
9. Обука - Јуни 2018 - Работа со податоци - Учесници: Наташа Огненоска и Мартин Мицевски.
10. Обука - Јули 2018 - Вебинар за работа со волонтери - Учесник: Александра Николова.
11. Обука - Октомври- Ноември 2018 - Обука за застапување - Учесници: Љупчо Тошев и Наташа Огненоска.
12. Обука - Ноември 2018 - BPIE сајбер безбедноста на организациите и мрежите на граѓанското општество - најдобри практики и иновации и циклус за учење со практични совети за on-line безбедност. УчеснициЧ Александра Николова и Стојан Ежов.
13. Обука - Ноември 2018 - Работилница за комуникација и маркетинг преку социјалните мрежи. Учесници: Александра Николова и Стојан Ежов.
14. Обука/Работилница - Декември 2018 - Тематски круг на учење (LC) за "Финансиски менаџмент". Учесник: Наташа Огненоска.
15. Обука/Работилница - Декември 2018 - Тематски круг на учење (LC) за "Работа со податоци". Учесници: Александра Николова и Стојан Ежов.
16. Обука/Работилница - Декември 2018 - Тематски круг на Учење (LC) за "Работа со социјални медиуми". Учесници: Стојан Ежов и Александра Николова.
17. Семинар - Декември 2018 - „Денови на доживотно учење" - Тетово, во организација на ДВВ и ЦДИ. Учесници: Љупчо Тошев и Владо Србиновски.

Во делот на *давање на услуги*, како дел од Стратешкиот приоритет #3: Создавање на услуги, со цел да се зајакне одржливоста на организацијата, ФАЦЕ ги превзема следниве активности:

1. Дискусија со Одборот на старатели за креирање на услуги кои би се однесувале на активности поврзани со улогата на ФАЦЕ како организација - домаќин за потребите на странски организации (посредници, училишта, универзитети, даватели на услуги за образование на возрасни, итн.) кои се добитници на грантови од Еразмус+ програмата (Клучна акција 1) и кои би сакале мобилностите да ги вршат во Македонија. Досега, нема организација која организирано би ги давала овие услуги во Македонија и е еден вид прозорец на можности за оддржливоста на ФАЦЕ, имајќи во предвид дека ФАЦЕ има искуство во Еразмус+ КА1 програмата.

2. Во текот на 2019 година ФАЦЕ да превземе активности во насока на изнаоѓање на меѓународен надворешен експерт со улога да ни помогне да создадеме функционален бизнис модел / план за давање услуги како организација-домаќин на обуки и практикантства поддржани од Еразмус + програмата.

## 6. Финансиски показатели

### ПРИХОДИ ВО 2018 ГОДИНА

| ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ ВО 2018 ГОДИНА | денари | Учество во % |
|---|---|---|
| Пренесени наменски средства од тековни проекти од 2017 година за проекти во 2018 година | 7.256.184,00 | 57% |
| Приходи од Проекти во 2018: | | |
| УСАИД Проект АГРИНКЛУЗИЈА - Договор бр. G-1499-18-216-2010-20 - Проект за вработување на УСАИД за граѓанско учество | 1.026.892,00 | 8% |
| Еразмус+ Проект СО-ВЕТ - Договор бр. 2016-1-МК01-КА202-021678 - Социјално претприемништво како алтернатива за невработени млади | 2.717.095,00 | 21% |
| Еразмус+ Проект ЕКВЕТ ЕНС 2.0 - Договор бр. 2016-1-МК01-КА202-021665 - Препознавање и вреднување на резултати од учење и квалификации во секторот на природен и рурален туризам во рамките на Европскиот Кредит Систем за стручно образование и обука | 459.332,00 | 3% |
| Вишеград фонд Проект АЕВБ-ИКТ - Договор бр. 21640177 Платформа за соработка во областа на информатички и комуникациски технологии во системот за поддршка во земјоделството во Западен Балкан, базирано на добрите пракси од В4 земјите | 529.330,00 | 4% |
| Еразмус + Проект ВИНЕВЕТ – Договор бр. 597814-EPP-1-2018-1-IT-EPPKA3-VET-JQ - Развивање на заедничка квалификација во стручно образование и обука за Винопроизводител– Специјалист | 742.305,00 | 6% |
| Вишеград фонд Проект ЛАГ - Договор бр. 1/V4- 21730313 - Да ја збогатиме Централна, Источна и Западна Европа со Транснационални Локални Акциони Групи | 63.185,00 | 1% |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 12.794.323,00 | 100% |



## РАСХОДИ ВО 2018 ГОДИНА

| РАСХОДИ ВО 2018 ГОДИНА | денари | Учество во % |
|---|---|---|
| ПРОГРАМСКИ ТРОШОЦИ | 6.136.811,00 | 70% |
| Проектни трошоци на партнери (за активности на партнерите) | 4.636.813,00 | |
| Трошоци за патувања во земјата и странство | 510.047,00 | |
| Други трошоци | 400.000,00 | |
| Патни трошоци за проектни активности | 459.264,00 | |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 16.297,00 | |
| Трошоци за ревизија на проект | 114.390,00 | |
| АДМИНИСТРАТИВНИ ТРОШОЦИ | 462.218,00 | 5% |
| Трошоци за пошта, телефон, интернет услуги | 37.330,00 | |
| Канцелариски материјали | 24.627,00 | |
| Трошоци за наемнина | 199.012,00 | |
| Сметководствени услуги | 81.784,00 | |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно) | 41.167,00 | |
| Трошоци за превоз (гориво) | 53.621,00 | |
| Провизија за платниот промет | 24.677,00 | |
| ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ | 2.156.080,00 | 25% |
| Трошоци за плати | 1.410.172,00 | |
| Трошоци за придонеси | 697.483,00 | |
| Надоместоци на трошоците на работниците | 48.425,00 | |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 8.755.109,00 | 100% |

